**На 19 јануари 1871** - Во селото Смилево, Демирхисарско, роден е Даме Груев, еден од великаните на националното ослободително движење на македонскиот народ кон крајот на 20. век, револуционер, учител, идеолог и еден од организаторите и основачите на Внатрешната македонска револуционерна организација (ВМРО). Загина во борба против османлиската војска на врвот Петлец, кај селото Русиново, Беровско, на 23 декември 1906 година. Селаните од Русиново го закопаа мртвото тело на Даме во дворот на црквата во селото, а подоцна му ги пренесоа останките во родното Смилево.

***..."Ви зборувам сосема искрено, поводот за создавањето на ваквата ужасна атмосфера го дадоа Србите; Бугарите во Македонија се однесуваат полојално отколку Грците и Србите, тоа можеби затоа што нашите таму се мнозинство и ние под своите нозе чувствуваме солидна морална почва. Бугарската девиза - политичка слобода - делува многу привлечно кај народот."...- изјава од Даме за односот на туѓите непријателски пропаганди кон Македонија, во весникот Ден бр. 391, Софија 17 јануари 1905 .***



**Даме Груев - Македонски револуционер**

(Смилево, 19 јануари, 1871 - Русиново, 23 декември, 1906)- Македонски револуционер, еден од основачите на ТМОРО и најценетите и највлијателните негови раководители,

заедно со Гоце Делчев.

Груев е роден 1871 г. во Смилево (Демирхисарско). Според некои имал мијачко потекло од селото Селци. Потекнува од ѕидарско-печалбарско семејство. Се школувал во родното место - селото Смилево, демирхисарско, до четврти клас учи во Битола а потоа во Солунската машка гимназија „Св. Кирил и Методиј“.

Во јануари 1888 година, во една група од 19 души меѓу кои и Петар Поп Арсов, привлечен од српската пропаганда, заминува да учи во Белград бесплатно на сметка на Друштвото „Св. Сава“. Таму, завршува гимназија и пак на сметка на „Св. Сава“ се запишува во Великата Школа. Во 1891 исклучен од школата го напушта Белград. Се запишува историја на Вишото училиште во Софија, но во 1891 година и оттаму е исклучен. Во Софија со неколкумна сомисленици од кругот околу „Лоза“ создаваат „Дружба“ со цел да бараат примена член 23 од Берлинскиот договор.

Од 1891 до 1893 година бил егзархиски учител во селото Смилево и во Прилеп.

Од летото 1894 година започнал да ги формира првите револуционерни комитети на Македонската револуционерна организација во повеќе градови и села во Македонија. Бил егзархиски учител во Штип и инспектор во солунско, а потоа и гимназиски наставник во Битола и раководител на Битолскиот револуционерен округ.

По убиството на министерот за финансии Христо Белчев, Даме и некои од неговите другари биле уапсени како осомничени. Во април 1891 година заминува за Македонија. Поднесол молба да биде назначен за егзархиски учител во Битола, но молбата му е одбиена. Назначен е за егзархиски учител во Смилево. Следната година учителствува во Прилеп, а летото на 1893 заминува во Солун, каде работи како коректор во печатницата на Коста Самарџиев.

Даме е иницијаторот за основачката средба на ВМОРО на 23 октомври 1893 година во Солун. Избран е секретар и касиер на Централниот Комитет. Како што сам кажува организацијата е создаена "по образец на Револуционерната организација во Бугарија пред ослободувањето... по примерот на Ботев, Левски, Бенковски". Од основањето на Тајната Македонска Револуционерна Организација и првиот Централен комитет, Груев цели шест години ја обиколува Македонија во убедување, проучување и посветување на македонското дело на нови приврзаници, според прописите на Уставот.

Централна организација не била создадена, туку имало неколку мали организации. За неколку години, како и да е, една станала доминантна, таа која што го имала Делчев за лидрер (до убиство). Груев, сегашен шеф на битолскиот округ, Ѓорче Петров и Христо Татарчев како надворешни претставници, тие ги зеле зборовите на Гледстоун за нивно мото „Македонија на македонците“. Тие се изјасниле како различни од бугарите и македонците во Бугарија кои имале оформено постар комитет со центар во Софија.

## Статија на NYT (Њујорк Тајмс) за Македонија и Македонците

**Чикаго 6 декември 1903**

Во 1894-1895 г. назначен е за егзархиски учител во Штип, каде учителствува заедно со Гоце Делчев и Туше Делииванов. Од 1895 година се враќа во Солун, како училишен инспектор каде се активира и во работењето на Организацијата со што го воведува шифрарникот. Во 1897 - 1898 е интерниран од Солун во Битола каде развива голема дејност за закрепнување на револуционерните комитети, за формирање на нови комитети и привлекување на нови соборци, а на 6 август 1900 година е уапсен и осуден на 10 години затвор, затворен во битолскиот затвор, поради таканаречената Попставрева афера.
И од битолскиот затвор Даме раководи со делото, посебно со Битолскиот вилает. На 29 мај 1902 г. од затворот во Битола е испратен во Подрум кале. Тука затворските казни ги издржуваат Христо Татарчев, Христо Матов, Пере Тошев, Иван Хаџи Николов и други. Амнестиран е пролетта 1903 г.

На Смилевскиот конгрес во почетокот на мај 1903 година Даме, Атанас Лозанчев и Борис Сарафов се избрани за членови на Главниот штаб на Илинденското востание во Битолскиот револуционерен округ на кој конгрес е донесена и официјализирана нова стратегија и тактика на востанието. Учествува во донесувањето на одлуката за датумот на кревање на востанието. Тој бил најмногу задолжен за бранење на Смилевското подрачје. Заедно со Ѓорги Сугаре ја раководат одбраната на Смилево. На 14 август одбраната на Смилево е пробиена и востаниците биле принудени да се повлечат по високите места на Бигла планина. Во востанието и по него заедно со народот ги споделува последиците од него.

## Даме Груев убиен во 1906-та година

На 9 септември 1903 година Даме и Борис Сарафов во името на Генералниот Штаб испраќаат писмо до бугарската влада со повик за помош од Бугарија. При крајот на 1904 година Даме е заробен од србоманскиот војвода Глигор Соколовиќ - Љамето но, Пере Тошев му се заканува на персоналот на српското дипломатско претставништво во Софија и Даме е ослободен.

На Рилскиот конгрес (октомври 1905) избран е за претседател на ЦК. По заминувањето за Софија тој се разочарал од состојбите кои се случувале во Организацијата. Според спомените на Дамјан Наумов, по напуштањето на Софија, Даме Груев извикал:„Си одам разочаран, не се враќам повеќе овде“ . И навистина, на 23 декември 1906 година, заедно со со своите верни другари Сандо Китанов, Георги Карчев херојски загинува на врвот Петлец над селото Русиново. Коските на тројцата храбри борци биле погребани во еден гроб во дворот на Русиновската црква. Селаните од Русиново го закопаа мртвото тело

на Даме во дворот на црквата во селото, а подоцна му ги пренесоа останките во родното Смилево.